# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 7/2023
## 11.04.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како и уловување на животни скитници на територијата на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како и уловување на животни скитници на територијата на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/1**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 5 од Законот за комунални дејности(„Службен весник на РМ “ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20) и член 79 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), и Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино бр. 08-882/11 од 28.12.2022 година ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр. 23/22 ) , а во врска со Решение бр. **09-92 од 22.03.2023** година на ЈЗУ Центар за Јавно здравје- Велес**,** Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**За спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како и уловување на животни скитници на теритиријата на општина Неготино за 2023 година**

Вовед:

Државниот санитарен и здравствен инспектор при Министерството за здравство,врз основа на член 26 од Законот за санитарна и здравствена инспекција(Сл.весник на РМ бр.71/06,139/08,.....150/15,37/16 и 83/18), а постапувајќи по обврските од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, донесе **Решение бр.09-92** од 22.03.2023година, а заведено под архивски бр.10-192/1 од 29.03.2023 година од страна на општина Неготино, со кое Општина Неготино се обврзува да изготви Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразните болести согласно стручното мислење од надлежната ЈЗУ Центар за Јавно здравје.

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето и уништување на постоечката популација на штетници до биолошки минимум.Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело и се причинители на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

Поволните климатско биолошки фактори и благите зими во изминатите неколку години исклучително беа погодни за развојот  на инсектите меѓу кои и комарците, овозможувајќи биолошки оптимум во развојниот циклус.

Со брзиот развој на транспортот, сообраќајот и комуникацијата на луѓе и стоки од регионот, се зголемува можниот ризик од нови, некаректеристични и нови видови на комарци во регионот кои се причинители на повеќе заразни болести со смртен исход, а веќе присутни во соседните земји.

Што се однесува до уловување на животни скитници и ерадикација , редовно се превземаат мерки за соодветен третман на животните скитници што ги има во општина Неготино и истите преставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето особено децата.

Извор на финасирање:

За ова намена Советот на општина Неготино има утврдено наменски финансиски сретства во Буџетот за 2023 година преку Програмата за комунални дејности. И тоа во потпрограмата  Ј8 – Други комунални дејности  во точка 1 Уловување на животни скитници и ерадикација закоја се предвидени средства во висина од 500.000,00денари.Во точка 2 за Дезинфекција и Дезинсекција  се предвидени средства во износ од 500.000,00денари и во точка 3 за Дератизација се предвидени средства во износ од 200.000,00денари или вкупно за оваа намена се предвидени средства во износ од **1.200.000,00денари**.

Цел на превентивната систематска ДДД и Уловување на животни скитници и ерадикација :

- Заштита на луѓето и животните од болести;
- Одржување на хигиенско-епидемиолошката состојба;
- Создавање на пријатна и еколошка чиста животна средина.

Реализација(локаци,вид и количини на препарат ,Предмет на третирање и период на реализација) :

Општина Неготино стапи во контакт со  преставнк одЈЗУ Центар за јавно здравје Велес и за спроведување на превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација околу утврдување на видот и количината на третирање на препаратот, времето на релизацијата како и уловување на животни скитници на теритиријата на општина Неготино се препорачува:

1. – Вршење на превентивна Дезинфекција на општинска зграда и објект Желкова Куќа,

– препарат (20литра DEKOSEPT)- период на извршување април – мај - 2023год

2. – Вршење на превентивна Дезинскција на критични точки во населени места и јавни површини на територијата на општина машинско распрскување со препарат(FIKAM) или аеро запрашување– препарат(COTRINE)- период на извршување април – мај – 2023год.

3. Дератизација

3.1 –Вршење на превентивна Дератизација на простории од општинска зграда и објект Желкова Куќа ,

препарат (25KG BRODILON PELETI) – период на извршување април –мај-месец 2023 година.

3.2 - Вршење како и спроведување на превентивна систематска дератизација на подземниот канализациски систем со ревизионите и прифатните шахти од канализационен систем во Неготино и во населените места,

3.3 - Вршење на превентивна систематски дератизација на јавно прометни површини и зеленило и депонија Бучето,

– препарат (200KG PARAFINSKI BLOK) – период на извршување април месец 2023 година

4. Уловување на животни скитници и ерадикација на критични точки во градот Неготино и приградските населби во општина Неготино преку редовни контроли и по добиени сознанија од страна на граѓаните од оптшина Неготино.Оваа активност ќе се изведува во координација со Ветеринарна станица Неготино која има соодветна дозвола од Агенцијата за ветерина и за оваа активност има склучено договор општина Неготино со Ветеринарна станица Неготино.

- период на реализација: континуирано во текот на 2023 година

5.Сите јавни установи што се во надлежност на општина Неготино(Музеј на град Неготино,Општинаска билиотека “Страшо Пинџур,ООУ “Страшо Пинџур“,ООУ “Гоце Делчев“,СОУЦ“Св.Кирил и Методиј“ и Детска градинка“Фемо Кулаков“ со

своите два клона) во своите Годишни Програми за работа имаат предвидено финансиски средства за реализација на превентивна ДДД.

Известување:

Известување и информирање на граѓаните преку локалните сретства за јавно информирање и соработка на општината со локалнте надлежни органи: полиција,противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари итн. ,за точниот термин на акцијата, видот на препаратот начинот на изведување на третманот.

Мониторинг:

ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес ќе врши мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на општина Неготино

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-306/3**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/2**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Закон за градење (Службен весник на РМ бр.130/09, 124/10......64/18,168/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19,18/20,279/20 и 227/22), член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009...... 71/2016 и 163/2016 и Сл.весник на РСМ бр.1745/21), член 12 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 163/2013...... 31/2016 . 64/2018 и Службен весник на РСМ бр.302/20)., член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година се вршат следните измени:

Во делот за изработка на проектна документација со направена и ревизија на следните планирани активности по алинејата:

-Изработка на Основен проект за Поставување на спуштени тротоари и приспособување на улиците за полесно движење на лица со хендикеп –со посебни потреби со соодветна техничка се додава нова алинеа која гласи:

**- Изработка на Основен проект за реконструкција на локален пат с.Долни Дисан-до границата со општина Кавадарци**

Во пот програмата **ФД Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци) по алине 6 се додава нова алинеа 8 која гласи , Реконструкција со асфалтирање на улици во с.Црвени Брегови во должина од околу 350м**

Во точка **3.1. во пот програмата ЈО–Одржување на урбана опрема во точке 8 се додава како и на други јавни површини.**

**Во истата потпрограма по точка 12 се додава нова точка 13 која гласи: Изведување на бетонски и други градежни работи санирање на улици како јавни површини,санирање на скршени бехатон плочи, поставување на бехатон плочки на јавни површини и изградба на потпорни зидови на јавни површини(со бетонски цигли или со бетон и арматура)**

**Во точка 3.2 во пот програмата Ј1 - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА по точка 9 се додава нова точка 10 која гласи: Нови бушотини за питка вода, санација и прочистување на постоечките на каптажи за питка вода во населените места.**

**Во точка 3.3 во пот програмата Ј2 Одведување Атмосферски води по точка 14 се додава нова точка 15 која глси*:* Изработка на приклучоци од постојните стамбени објекти во новоизградеиот колектор за отпадни води во с.Тимјаник до 30 приклучоци**

**Во точка 3..4 во пот програмата Ј4 Одржување на јавната чистота по точка 5 се додава нова точка 6 која гласи: Компостирање на сезонски собран отпад од лисја ,гранки за добивње на био ѓубриво за сопствени потреби за ѓубрење на цветни јавни површини,жардинерии и слични површини**

**Во точка 9 во пот програмата ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во точка 12 за изгрдаба на потпорен зид на улица Фемо Кулаков се додава и изградба на тротоари од двете страниа на улицата**

**Во точка 16 од истата пот програма по зборовите улица Маршал Тито се додава**: **и улица Партизанска, вклучувајќи и пристап преку трите мостови кои го поврзуваат на ул.Маршал Тито и ул.Партизанска**

**Во точка 3.11 во пот програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување во точка 3 по зборот Тремник се додава обезбедување на трајно решение за приклучок на електрична енергија и реконструкција на самиот вод на електрична енергија.**

**Во точка 3.12 во пот програмата ЈИ-Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води во точка 9 текстот** Изградба на канализациона мрежа за прифаќање и одведување на урбани отпадни води за приклучок на изградени објект на улица ЈНА (нова стамбена зграда) водолжина од околу 80м се брише и се додава:

**Реконструкција на фекална и атмосферска канализација од ревизиона шахта на улица Марксова до отворениот канал за прифаќање на атмосферски води во должина од 130м и фекална канализација до Вељко Влаховиќ во должина од 390м**

**Во точка 3.13. во пот програмата ЈМ0 –ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) после точка 7 се додава нова точка 8 која гласи : Уредување на паркова површина во делот после зградите во населба Саат кула**

**Во точка 3.15 во пот програмата ЈЛ - ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (Капитални Трошоци) во точка 3 по зборот** автобуска станица се додава **и набавка и монтажа на автобуски постојки во сите населени места**

**Согласно со Правилникот за степенот за уредување на градежното земјиште во член 4, Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно членот 2 на овој правилник, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со соодветен коефициент и по добиениот просечен нето личен доход исплатен во текот на 2022година од Заводот на статистика на РСН од 31.859,денари се зголемуваат следните позиции:**

**Во точка 4.5.3 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за трета зона за стопански субјекти во индустриската зона во Неготино износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$**

**Во точка 4.5.4 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за четврта зона за стопански субјекти износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$**

**Во точка 4.5.5 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за петта зона за стопански субјекти(Г) износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$**

**Во точка 4.5.6 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за шеста зона за стопански субјекти(Г) износот од 8.615,00 де Во точка 4.5.7 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО**

**ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за седма зона за стопански субјекти износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$**

**Во точка 4.5.8 во потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок за осма зона за стопански субјекти(Г) износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$**

**Во точка 4.5.10 во алинеа 11 износот од потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$ ,висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисика од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден од 0,01 и тоа**

**31859,00ден x 30% = 9.557.70 денари x 0.01 = 95,57 денари по м$^2$**

**- Во точка 4.5.10 во алинеа 12 износот од потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ за плаќање на надоместок износот од 8.615,00 ден/м$^2$ се заменува со износот од 9.557,70ден/м$^2$ За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисоко од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент 0,01 и тоа**

**28718,00ден x 20% = 5.743.60 денари x 0.01 = 57,43 денари по м$^2$ за 50% од површината на градежната парцела се брише, а се додава**

**31859,00ден x 20% =63718.80 денари x 0.01 = 63,72 денари по м$^2$ за 50% од површината на градежната парцела**

**Во алинеа 14 во Надоместок за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија на дел од трупот на општински пат се додав: ископ и поставување на водоводна и канализациона мрежа на дел од улица или тротоар и или други јавни површини** износува 10% од вкупната вредност на инвестициониот проект и 5% за извршен надзор од вкупната вредност.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-306/4**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/3**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ”бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 И 3/22 ) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** ја донесе следната

## ПРОГРАМА
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

**Табела 2.2.1 Измена и дополна на ДУП (планирани) се дополнува**

| Р.Б. | ЛОКАЦИЈА | Површина (Ха) | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| | | | |

**Член 2**

**- табелата „ 2.8 Изработка на урбанистички проекти согласно член 58 став 6“ се дополнува**

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| 3 | Неготино | ▪ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2913/3, КО Неготино, општина Неготино | самофинансирање |
| 4 | Тимјаник | ▪ Урбанистички проект за инфраструктура-подземни бунари со линиски системи | Општина Неготино |

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-306/5**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино

Се објавува **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/4**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 143/19 и 14/20) ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Сл.Гласник на Општина Неготино бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино, бр.08-399/4 од 17.06.2021 година, на Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-769/22 од 29.12.2021 година, на Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-295/4 од 18.04.2022 година и на Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-882/25 од 28.12.2022 година.

**Член 2**

Во членот 4 став 2 -табелата од Подгрупа 10 се менува и истата гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Командир на ТППЕ | 499 | бода |
| 2 | Заменик Командир | 469 | бода |
| 3 | Командир на чета | 469 | бода |
| 4 | Пожарникар спасител-водач на група | 369 | бода |
| 5 | Пожарникар спасител-возач на специјално возило | 354 | бода |
| 6 | Пожарникар спасител | 354 | бода |

Во членот 4 став 3 -табелата од Група IV- Работни места на помошно-технички лица се менува и истата гласи:

**Група IV- Работни места на помошно-технички лица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Одговорен за возен парк | 414 | бода |
| 2 | Курир | 354 | бода |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино “ , а ќе се применува за исплата на платата од месец април 2023 година.

**бр. 08-306/6**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

Се објавува **Решение за разрешување и именување на членови на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/5**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за социјална заштита ( Сл. весник на РСМ „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) , член 79 став1 т очка 26 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) Советот на општина Неготино на ден **10.04.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на членови на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

**Член 1**

Од членови на **Советот за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино** формирано со Решение бр. 08-636/4 од 18.12.2020 година се разрешуваат

- **Зоран Сакламаев – ОВР Неготино**
- **Трајче Мирчев – ОВР Неготино**

**Член 2**

За членови на **Советот за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино** се именуваат:

- **Никола Ќимов – ОВР Неготино**
- **Олгица Думов - ОВР Неготино**

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-306/7**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Измена/дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Измена/дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/6**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 20 а и член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ “ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016 , 198/18 и „ Службен весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Измена/дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на **Измена/дополнување на** Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино со **бр.02-111/1** од **30.03.2023** година.

**Член 2**

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-306/8**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/7**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр .5/02) член 4 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (,,Сл.весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 21/21) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на стопанисување **водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино**.

**Член 2**

По стапување на сила на оваа одлука **Општина Неготино и ЈП „ Комуналец “** Неготино ќе склучат договор во кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски .

**Член 3**

**ЈП „ Комуналец “ Неготино како давател на услугата** и корисниците на услугата ќе склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-306/9**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Долни Дисан на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Долни Дисан на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/8**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр .5/02) член 4 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (,,Сл.весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 21/21) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Долни Дисан и на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на стопанисување **водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води во село Долни Дисан на ЈП „ Комуналец “ Неготино**.

**Член 2**

По стапување на сила на оваа одлука **Општина Неготино и ЈП „ Комуналец “** Неготино ќе склучат договор во кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски .

**Член 3**

**ЈП „ Комуналец “ Неготино како давател на услугата** и корисниците на услугата ќе склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-306/10**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/9**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр .5/02) член 4 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (,,Сл.весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 21/21) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на стопанисување **водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино**.

**Член 2**

По стапување на сила на оваа одлука **Општина Неготино и ЈП „ Комуналец “** Неготино ќе склучат договор во кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски .

**Член 3**

**ЈП „ Комуналец “ Неготино како давател на услугата** и корисниците на услугата ќе склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-306/11**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година**

Се објавува **Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/10**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ “ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја усвои следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Неготино го усвои **Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година,** со архивски број **09-308/1 од 03.04.2023** година, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на штета од елементарни непогоди на Општина Неготино.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-306/12**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци**

Се објавува **Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/11**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ “ бр. 5/02 ) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци**

### Член 1

Со оваа одлука Општина Неготино презема обврска за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци и тоа за фактура број 1127890792-0 за периодот 01.01.2023 – 31.01.2023 година во износ од 73.054,оо денари, фактура број 1128775143-2 за периодот 01.02.2023-28.02.2023 година во износ од 67.775,оо денари во износ од 140.829,оо денари.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-306/13**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на користење без надомест на возило за специјална намена – цистерна на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на користење без надомест на возило за специјална намена – цистерна на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/12**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11 , 16/12,16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на користење без надомест на возило за специјална намена – цистерна на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Неготино на ЈП „ Комуналец “ Неготино му го предава на **користење без надомест возилото** со следните карактеристики:

- Марка : FAB;
- Модел : 1213 13 F
- Идентификационен број на возилото: 56853
- Категорија на возило: N3 – товарно
- Облик и намена на каросеријата: 5G – возило за специјална намена- цистерна
- Зафатнина на мотор ( cm3 ) : 7150
- Вид на гориво: Дизел
- Моќност во KW : 106
- Година на производство: 1976 година

**Член 2**

Општина Неготино **возило за специјална намена – цистерна** од Член 1 на оваа одлука му и го предава на ЈП „ Комуналец “ Неготино на користење без надомест заради вршење на дејноста за која е основано.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-306/14**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2023 година**

Се објавува **Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2023 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/13**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 166 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.23/13...... 198/18 и Сл.весник на РСМ 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино " бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 ,13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков "Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите за давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ **,,Фемо Кулаков,,** Неготино за периодот 01.01.2023 година до 31.12.2023 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино",** а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за јануари 2023 година.

**бр. 08-306/15**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за доставување на барање до Министерство за труд и социјална политика и Министерство за финансии за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**

Се објавува **Заклучок за доставување на барање до Министерство за труд и социјална политика и Министерство за финансии за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/14**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “  бр.5/02 ), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

## за доставување на барање до Министерството за финансии и Министерството труд и социјална политика за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино

### Член 1

Да се достави барање до Министерството за финансии и Министерството труд и социјална политика за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во **во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино.** Ова барање се доставува за функционирање во полн капацитет на **ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “** Неготино.

### Член 2

Врз основа на овој заклучок се задолжува општинската администрација да изготви барање до Министерство за финансии и до Министерство за труд и социјална политика за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во **ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “** Неготино и нејзино функционирање во полн капацитет.

### Член 3

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-306/16**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/15**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02), а во врска со член 23 од Законот за превоз во патниот сообракај („Службен весник на РМ “ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 124/15, 125/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 275/19 и 67/2022), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу **Општина Неготино и Општина Кавадарци** и тоа:

## С П О Г О Д Б А
## за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино

**Склучена на ден ____________ година, помеѓу:**

**Општина Кавадарци - Локална самоуправа** со седиште на Плоштад Маршал Тито бр.2 Кавадарци со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината д-р Митко Јанчев, од една страна , и

**Општина Неготино - Локална самоуправа** со седиште на ул.„ Ацо Аџи Илов,, " бр.2 , Неготино со ЕМБС 6021778 и ЕДБ 4019004110525 застапувана од Градоначалникот на Општината д-р Горан Стојанов, од друга страна.

**Член 1**

Со оваа Спогодба, Општина Кавадарци и Општина Неготино се спогодија заеднички да го организираат меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, што се врши на територијата на Општина Кавадарци и територијата на Општина Неготино (во понатамошниот текст општините), и тоа :

1. Единствена мрежа на линии;
2. Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
3. Локација на автобуски стојалишта, нивно обележување, опремување, одржување и користење;
4. Тарифен систем и систем на наплата и
5. Критериуми и начин за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот и распределување на возните редови утврдени во единствената мрежа на линии на превозниците од општините кои се согласиле заеднички да го организираат линискиот превоз на патници на нивните подрачја.

**Член 2**

Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци и територијата на Општина Неготино, ќе го врши ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци (во понатамошниот текст – јавното претпријатие).

**Член 3**

Заедничкиот организиран линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци и Општина Неготино јавното претпријатие ќе го врши врз основа на лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници издадена

од страна на Општина Кавадарци, како и регистриран возен ред од страна на градоначалникот на општина Кавадарци кој ја издава лиценцата и дозвола за линија издадена исто така од страна на градоначалникот на општина Кавадарци.

**Член 4**

Заедничкиот организиран линиски превоз на патници се врши со автобуси кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење на превоз на патници, согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот за посебните технички експлоатациони услови, за возилата за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови.

**Член 5**

Јавното претпријатие по добивање на лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз на линијата откако ќе добие дозвола и регистрира возен ред.

При вршењето на заедничкиот организиран линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола, регистриран возен ред, уредно пополнет патен налог и истите треба да бидат во оригинал.

**Член 6**

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, ќе го врши меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, на територијата на двете општини, по добивање на согласност на оваа Спогодба од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

## Член 7

***1*** **.**Со оваа Спогодба се утврдува единствената мрежа на линии, траса , возен ред и тоа :

| | | | | | МЕЃУОПШТИНСКИ ЛИНИИСКИ ПРЕВОЗ -КАВАДАРЦИ-НЕГОТИНО | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Превозн | Број на линија | Назив на линија | Број на Поѓања | Број на Враќања | ВРЕМЕ НА ПОЃАЊА | | | | Оддалеченост во Километри | Станици | ВРЕМЕ НА ВРАЌАЊЕ | | | | РЕЖИМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИНИЈАТА |
| Мрежа на линии | 1 | Кавадарци -Неготино | 4 | 4 | 06:10 | 07:10 | 16:30 | 20:00 | 0 | Квадарци | | | | | Од понеделник до петок, сабота |
| | | | | | | | | | 11 | Неготино | 06:40 | 07:40:00 | 17:00 | 20:30 | |

Линијата е одредена релација и правец на возење од почетната автобуска станица до крајната автобуска станица на која се превезуваат патници во линискиот патен превоз, согласно со однапред утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

## Член 8

Линијата во меѓуопштинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив. Називот на линијата се означува со името на почетно - крајното свртувалиште. Бројот на називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта.

Бројот на називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.
Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

**Член 9**

**Возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување**

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајно свртувалиште, доаѓање и поаѓање на возилата од почетно-крајните свртувалишта односно терминалите и рокот на важност на возниот ред.

**Член 10**

Возниот ред се истакнува:
1.во возилото;
2.на автобуските стојалишта каде што минува линијата;
3.на огласната табла во населеното место каде поминува линијата.

**Член 11**

Јавното претпријатие е должно линиите да ги одржува согласно со регистрираниот возен ред.

Влегувањето и слегувањето на патниците се врши само на постојките согласно утврдениот возен ред.

При одржување на возниот ред на секоја линија, превозникот е должен да застанува само на постојките и свртувалиштата утврдени со оваа Спогодба.

**Член 12**

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на меѓуопштинската линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.

Промена на возниот ред се прави врз основа на добиена согласност од страна на Министерство за транспорт и врски.

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци е должно за привремено запирање на линијата веднаш да ги извести општините и јавноста преку средствата за јавно информирање.

Јавното претпријатие е должно возниот ред и секоја негова промена да ги објавува на својата веб страна и да ги истакнува на почетно-крајните свртувалишта и попатни стојалишта.

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци е должен преку средствата за јавно информирање да го објави започнувањето на меѓуопштинскиот линиски превоз според возниот ред .

ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци има обврска до го запази временскиот интервал на станиците од делот на заедничката траса на одобрените возни редови за меѓуопштински линиски превоз, во возниот ред на кој е сотавен дел на оваа спогодба.

**Член 13**

**Локација на автобуски постојки, нивно обележување, опремување, одржување и користење**

Локацијата на автобуските стојалишта е утврдена во член 7 од оваа одлука, а автобуските свртувалишта лоцирани на подрачјето на општините се на следните места:

-Кавадарци и

-Неготино.

Работите на опремување, одржувањето и користењето на постојките во меѓуопштинскиот линиски превоз на патници ги врши ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

**Член 14**

Автобуските постојки се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште, како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта, се обележува со стандардната ознака ”БУС” со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележување да улиците.

**Член 15**

Автобуските постојки треба да имаат:
1. настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат од основното стојалиште или свртувалиште;
- автобуските т стојалишта можат да имаат и:
1.урбана опрема;
2.рекламни паноа;
3.други содржини.

**Член 16**

Автобуските постојки може да се користат за реклама, пропаганда и известување.

**Член 17**

**Тарифен систем и систем на наплата**

Тарифниот систем го утврдува Советот на Општина Кавадарци на предлог на Управниот Одбор на Јавното претпријатие.

**Член 18**

Во меѓуопштинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

Возните билети, цената на услугата, систем на наплата и начин на контрола на наплатата на превозната услуга се единствени и нивната примена е задолжителна.

Возните и претплатните билети ги обезбедува Јавното претпријатие.

**Член 19**

Во возилото со кое се врши меѓуопштински линиски превоз на патници треба да има андроид мобилен уред, за евиденција, регистрирање на билетите.
Јавното претпријатие може и на други организирани места да продаваат возни билети само за одобрените линии за кои е издадена дозвола во согласност со одбрениот возен ред и цената.
Возниот билет што го издава превозникот содржи:
-назив на превозникот
-место на тргнување и пристигнување односно зона за вршење за мегуопштинскиот линиски превоз
-период на важење на билетот
-Цена на превозот.
Превозникот може на целата линија да врши превоз и со повеќе возила(бис возење).

**Член 20**

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има поништен билет, претплатен билет, или друга возна легитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е поништен за време на користење на услугата, исправен претплатен билет или друга исправна возна легитимација.

Патникот кој нема исправен билет, претплатен билет или друга легитимација должен е да плати казна.

**Член 21**

**Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на мегуопштински линиски превоз**

Критериумите за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на меѓуопштински линиски превоз се утврдени во Законот за превоз во патниот сообраќај.

Измена и дополнување на одредбите може да побара секоја општина потписник на оваа спогодба .

Раскинување на оваа спогодба може да бара една од договорните страни по птретходно писмено известување за причините за раскинување.

**Член 22**

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**С П О Г О Д Б Е Н И   С Т Р А Н И**

| | |
|---|---|
| **Општина Кавадарци** | **Општина Неготино** |
| **Градоначалник** | **Градоначалник** |
| **д-р Митко Јанчев** | **д-р Горан Стојанов** |
| **----------------------------** | **----------------------------** |

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Неготино да ја потпише горецитираната Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштински линиски превоз на патници помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Неготино ”.

**бр. 08-306/17**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Велигденските празници**

Се објавува **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Велигденските празници,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/16**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 23 став 4 и 5 од Законот за угостителската дејност ( „Службен весник на РМ” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 31/20) и член 79 став 1 точка 43 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 14,15 и 16 април 2023 година**
**( за време на Велигденските празници )**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги на територијата на општина Неготино се продолжува за два часа односно угостителските објекти може да работат од **07:00 до 03:00** часот наредниот ден во деновите **14,15 и 16 април 2023 година за време на Велигденските празници.**

Работното време на угостителските објекти угостителските објекти - ноќен бар и кабаре на територијата на општина Неготино се продолжува за два часа односно угостителските објекти може да работат од **20:00 до 07:00** часот наредниот ден во деновите **14,15 и 16 април 2023 година за време на Велигденските празници.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-306/18**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Првомајските празници**

Се објавува **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Првомајските празници,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/17**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 23 став 4 и 5 од Законот за угостителската дејност ( „Службен весник на РМ” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 31/20) и член 79 став 1 точка 43 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **10.04.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 28,29 и 30 април 2023 година**
**( за време на Првомајските празници )**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги на територијата на општина Неготино се продолжува за два часа односно угостителските објекти може да работат од **07:00 до 03:00** часот наредниот ден во деновите **28, 29 и 30 април 2023 година за време на Првомајските празници.**

Работното време на угостителските објекти угостителските објекти - ноќен бар и кабаре на територијата на општина Неготино се продолжува за два часа односно угостителските објекти може да работат од **20:00 до 07:00** часот наредниот ден во деновите **28, 29 и 30 април 2023 година за време на Првомајските празници.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-306/19**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/18**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Одлуката за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош и доделување на финансиски средства на граѓани бр.07-530/16 од 27.09.2010 година ( Службен гласник на општина Неготино бр. 8/10) Советот на општина Неготино на седницата одржана на **10.04.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. **Стојанче Стојанов од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**
2. **Глигор Јованов од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**
3. **Тања Демирова од с. Пепелиште во износ од 5.000,оо денари**
4. **Цветанка Петрова од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
5. **Кирил Гелов од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
6. **Џулијана Мечова од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**
7. **Владо Стојанов од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**
8. **Емран Шабанов од с. Криволак во износ од 3.000,оо денари**
9. **Мизафер Рустемов од с. Пепелиште во износ од 3.000,оо денари**
10. **Васил Иванов од Неготино во износ од 60.000,оо денари**
11. **Дума Пендевска од Неготино во износ од 35.000,оо денари**
12. **Енвер Мечов од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
13. **Благица Китанова од с. Пепелиште во износ од 30.000,оо денари**
14. **Славјанка Чонкова од Неготино во износ од 5.000,оо денари**
15. **Розалија Стојанова од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
16. **Јулијана Петрова од с. Тимјаник во износ од 3.000,оо денари**
17. **Ленче Стојанова од Неготино во износ од 3.000,оо денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино " .**

**бр. 08-306/20**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на финансиски средства**

Се објавува **Решение за доделување на финансиски средства,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **10.04.2023** година.

**Бр.09- 324/19**
**11.04.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Одлуката за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош и доделување на финансиски средства на граѓани бр.07-530/16 од 27.09.2010 година ( Службен гласник на општина Неготино бр. 8/10) Советот на општина Неготино на седницата одржана на **10.04.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства во висина од :

**60.000,оо денари на Црвени Брегови АД Неготино село Црвени Брегови за подмирување на долг за потрошена електрична енергија за месна заедница Црвени Брегови**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино ".**

**бр. 08-306/21**
**10.04.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 7/2023

1. **Заклучок за објавување на Програма за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како и уловување на животни скитници на теритиријата на општина Неготино за 2023 година**

2. **Програма за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како и уловување на животни скитници на теритиријата на општина Неготино за 2023 година**

3. **Заклучок за објавување на Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

4. **Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2023 година**

5. **Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

6. **Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2023 година**

7. **Заклучок за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино**

8. **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на**

**вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино**

9. **Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

10. **Решение за разрешување и именување на членови на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

11. **Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Измена/дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**

12. **Решение за давање согласност на Измена/дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**

13. **Заклучок за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

14. **Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Војшанци на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

15. **Заклучок за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Долни Дисан на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

16. **Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Долни Дисан на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

17. **Заклучок за објавување на Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**18. Одлука за давање на стопанисување на водоснабдителниот систем и систем за одведување на отпадни води во село Курија на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**19. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година**

**20. Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на штети од природна непогода поплава ( со град и силен ветар во форма на торнадо) што ја зафати општина Неготино на 16 август 2022 година**

**21. Заклучок за објавување на Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци**

**22. Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци**

**23. Заклучок за објавување на Одлука за давање на користење без надомест на возило за специјална намена – цистерна на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**24. Одлука за давање на користење без надомест на возило за специјална намена – цистерна на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**25. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2023 година**

**26. Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2023 година**

27. **Заклучок за објавување на Заклучок за доставување на барање до Министерство за труд и социјална политика и Министерство за финансии за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**

28. **Заклучок за доставување на барање до Министерство за труд и социјална политика и Министерство за финансии за одобрување на финансиски средства за нови вработувања во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**

29. **Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино**

30. **Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба за заедничко организирање на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино**

31. **Заклучок за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Велигденските празници**

32. **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Велигденските празници**

33. **Заклучок за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Првомајските празници**

34. **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино за Првомајските празници**

35. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

36. **Решение за доделување на еднократна парична помош**

**37. Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиски средства**

**38. Решение за доделување на финансиски средства**